**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 10-476/7**
**Скопје, 20.07.2005 година**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Апелационен суд Битола, за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Апелационен суд Битола за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Олга Бошевска , претседател на судот од 01.01 до 19.04.2004 година
   - Томе Сарџовски, ВД претседател на судот од 20.04 до 30.06.2004 година и
   - Кице Јузевски, претседател на судот од 01.07 до 31.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 09.05. до 20.05. и од 27.05 до 02.06.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој известај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Апелациониот суд Битола не извршил попис и не воспоставил евиденција на туѓи материјални средства - граежен објект во сопственост на Министерство за правда, што е спротивно на член 3 од Правилникот за начинот и роковите на вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и член 32 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските кортисници, односно не е извршено известување до Министерство за правда за зголемување на вредноста на истиот за извршената адаптација и реконструкција.

10.1.2. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствени документи, обработка на податоци и изработка на годишни извештаи, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

10.1.3. За учество на судењата ангажирани се судии поротници, без да се определи нивниот број и да се даде предлог за нивно именување до Собранието на Република Македонија, што е спротивно на член 39 од Законот за судовите.

10.1.4. Ревизијата констатира дека исплатата на плати за 2004 година е спротивна на законски утврдената регулатива, а врз основа на:

- Одобренија од Министерството за труд и социјална политика број 08-2172/1 од 19.04 2003 година и број 08-1853/2 од 17.05.2004 година, извршена е поголема месечна исплата од правото во вкупен износ од 1.450 иљади денари, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија и

- Заклучокот на Владата од дваесет и петтата седницата одржана на 31.03.2003 година кој го инкорпорира правосудниот паушал на судиите во основни плати-функционери, а за кои не постои законски основ за исплата, исплатена е поголема плата на судиите за износ од 2.041 иљади денари (Прилог број 1 на овој извештај).

10.1.5. Од страна на пописната комисија не е изготвен Извештај за попис и не е донесена Одлука за усвојување, што е спротивно на член 33 и член 35 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Препораки:**

1. Да се изврши попис и воспостави соодветна сметководствена евиденција на градежниот објект, сопственост на Министерство за правда, како туѓи објекти. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на известувањето до сопственикот на објектот, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата од страна на Апелационен суд Битола извршено известување до Министерство за правда за зголемување на вредноста на истиот за извршената адаптација и реконструкција;

2. Претседателот на судот да назначи одговорен сметководител, согласно член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;

3. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува за изборот на судии поротници, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата од страна на Собранието на Република Македонија донесена е Одлука за избор на судии поротници, објавена во службен весник број 37 од 24.05.2004 година;

4. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на неправилноста при исплата на правосуден паушал за судиите, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата е донесен Закон со кој се регулираат овие неправилности;

5. Исплатата на платите да се врши согласно позитивните законски прописи и

6. Да се изготвува Извештај по извршениот попис и усвојува согласно членовите 33 и 35 од Правилникот за сметководство на Буџетите и Буџеетските корисници.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Издавањето на материјалите во употреба, сметководствено не е ажурно и хронолошки евидентирано, односно истото е евидентирано на крајот на годината, што е спротивно на член 7 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Препорака**

Сметководствената евиденција за издавањето на материјалите во употреба да се врши согласно член 7 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

### *10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.3.1. Ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, поради погрешно евидентирање на расходите, спротивно на

Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и тоа:

- Позицијата Стоки и услуги е преценета за износ од 273 илјади денари, а за истиот износ е потценета позицијата Купување на капитални средства, а се однесува на погрешно евидентирани расходи за:

  набавка на апарат за миење возила
  набавка на теписон
  набавка на клима уред
  изработка на плакар
  изработка на варијолајт завеси за канцелариите во судот
  набавка на правосмукалка
  набавка, испорака и монтажа на светлосни арматури за зградата на судот
  набавка и монтажа на паркет
  изработка на нови полици, врати за плакар и фиоки
  изработка и монтирање на челични столбчиња,челична рампи, челична ограда и изработка на алуминиумска влезна врата.

**Препорака**

При евидентирањето на расходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

### *10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.4.1. Позицијата Материјални средства во Билансот на состојбата не е реално и објективно прикажана поради тоа што:

- Апелационен суд Битола нема обезбедено документ за сопственост (имотен лист), нема извршено попис, а при изготвувањето на годишната сметка соодветно не е проценета и искажана вредноста на недвижниот имот, градежниот објект- гаража кој е дополнително изграден во 2000 година, што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските кортисници.

**Препорака**

1. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на неправилноста за обезбедување на имотен лист за градежниот објект- гаража поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата од страна на Апелационен суд Битола се превземени мерки за утврдување на сопственоста на истиот.

### *10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*10.5.1. Направени се расходи без претходно да се обезбедат средства со буџетот и тоа:*

- Поради неправилно искажување на расходите на позицијата Стоки и услуги во Билансот на приходи и расходи, остварени се и извршени расходи кои не се планирани и одобрени со Буџетот за 2004 година на позицијата Купување на капитални средства за износ од 273 илјади денари

- Од Ставката Други оперативни расходи исплатен е износ од 52 илјади денари на име надоместоци по договори за дело, спротивно на Законот за работни односи и Законот за облигациони односи.

**Препораки:**

1. Да се врши наменско трошење на средствата согласно планираниот и одобрениот буџет и

2. Да не се исплатуваат дополнителни средства на име надоместоци по договори за дело заради непостоење на законски основ за исплата на истите.

*10.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Не донесен план за ЈН што е спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки

- Во одлуките за потребата на одделната набавка не е утврден износот на средствата потребни за реализација на набавката и критериумите за избор на најповолен понудувач, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки.

- За вршење на набавки од мала вредност Судот нема донесено свој интерен акт со кој се утврдува организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите и начинот за извршување на договорот, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки

- Не е спроведена постапка за јавна набавка во повеќе случаи во вкупен износ од 697 илјади денари ( Прилог број 2 на овој извештај ).

**Препораки:**

1. Да се изготвува годишен план за набавка;

2. Со Одлуките за набавка да се утврдува износот на средствата потребни за реализација и критериумите за избор на најповолен понудувач, согласно член 12 од Законот за јавни набавки;

3. Да се донесе интерен акт за набавки од мала вредност, согласно член 72 од Законот за јавни набавки и

4. Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

11. Вкупниот ефект од изнесениот наод во точката 10.3.1. е преценување на расходите за Стоки и други услуги во износ од 273 илјади денари, а потценување на расходите за Купување на капитални средства од Билансот на приходи и расходи за 2004 година кој наод нема влијание на вишокот на приходи над расходи.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1.5. и 10.5.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно според сите значајни аспекти финансиската состојба на Апелационен суд Битола под 31

Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1. 10.2. и 10.5. кај Апелационен суд Битола остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

***14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Апелационен суд Битола во текот на ревизијата, а се однесуваат на:***

*Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1. Позицијата Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) во Билансот на состојба е потценета за износ од 200 илјади денари, а за истиот износ е потценета позицијата Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд), поради неевидентирани и погрешно евидентирани набавки на основни средства.

Вкупниот ефект од изнесениот наод во точката 14.1. е потцнување на Материјалните средства и Изворите на деловни средства во износ од 200 илјади денари.

***Преземени мерки***

За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата спроведена е корекција и истата е инкорпорирана во рекласифицираните финансиски извештаи дадени на страните 7. 8 и 9 од овој извештај.

**Скопје, 19.07.2005 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3. | 32,119 | 31,697 |
| **Вкупно приходи** | | **32,119** | **31,697** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 28,156 | 26,988 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 3,938 | 4,237 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 25 | 24 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **32,119** | **31,249** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | - | 448 |
| **Вкупно капитални расходи** | | - | **448** |
| **Вкупно расходи** | | **32,119** | **31,697** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.2.1. | 2,132 | 2,122 |
| Залихи | 4.3. | 388 | 170 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,520** | **2,292** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 9,932 | 12,786 |
| **Вкупно постојани средства** | | **9,932** | **12,786** |
| **Вкупна актива** | | **12,452** | **15,078** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 10,320 | 12,956 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10,320** | **12,956** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.2. | 2,132 | 2,122 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,132** | **2,122** |
| **Вкупна пасива** | | **12,452** | **15,078** |

**ПРЕГЛЕД**
***НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА***

во 000 Ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **12,786** | **170** | **12,956** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **257** | **1,329** | **1,586** |
| Набавки | 72 | 1,329 | **1,401** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 224 | - | **224** |
| Расходи и отугувања | (39) | | |
| **Намалување по основ на:** | **3,111** | **1,111** | **4,222** |
| Отпис на капитални средства | - | **1,111** | **1,111** |
| Амортизација | 3,126 | - | **3,126** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 24 | - | **24** |
| Расходи и отугувања | (39) | | |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **9,932** | **388** | **10,320** |